**Светлана Трбоевиќ**
**Д-р Мариа Доневска**

# БЕЗДОМНИШТВО
## Основни поими и карактеристики

Актуелната економска состојба, промените кои настануваат со трансформацијата на општествениот систем и последиците кои тие промени ги предизвикаа, неминовно ја наметна потребата од анализирање на еден од најсериозните проблеми со кои се соочува модерното општество - проблемот на бездомништвото. Појавата на бездомништвото не се јавува само како резултат на транзицијата во постсоцијалистичките земји, туку тој проблем веќе подолго време е анализиран и во модерните капиталистички општества, општества со долга традиција на пазарна економија. Бездомништвото во модерните капиталистички земји настана како резултат на деиндустријализацијата, транзициските промени на пазарот на трудот и промените кои настанаа во областа на социјалната политика и социјалната заштита.[1]

Проблемот на бездомништвото за првпат е анализиран во англо-саксонската литература. Како пример може да се наведе анализата на бездомништвото од страна на Мек Кук во "Тампа Цензус" во 1893 год. ("Tampa census" Mc Cook, 1893). Додека истиот проблем, во земјите од реалсоцијализмот, беше игнориран до падот на "железната завеса".[2] Но, за жал и покрај тоа што бездомништвото е очигледна појава, во поголем број посткомунистички земји и понатаму останува надвор од било каков општествен, па и медиски интерес.

1. Администрацијата на Реган Р. и Буш Џ., наложи намалување на федералните буџети, кои најмногу ги погодија средствата за социјална помош (Ружин Н. 1995).

2. Во Полска бездомништвото званично беше негирано до 1989 година. (Bartosz B. i Btazej E. 1995).

## 1. Определување на бездомништвото

При анализата на бездомништвото е потребно, пред сѐ, правилно да се определи проблемот. Правилното дефинирање на поимот, ќе овозможи и правилна класификација на бездомниците и ќе овозможи правилно определување на бездомничката состојба и бездомништвото.

Пред сѐ се поставува прашањето според кои критериуми некој ќе се оквалификува како бездомник? Дали во бездомниците се вбројуваат само оние кои спијат на улица, под мостовите, т.е. оние кои немаат покрив над главата или тоа вклучува голем број на лица чии услови на живеење се окарактеризирани како неподносливи? Дали во проценката на бројот на бездомници е потребно да бидат вклучени лицата кои се во хроничен ризик да станат бездомници? Ова методолошко недоразбирање истовремено придонесува истото да биде искористувано во различни политички цели. Па така во САД проценуваниот број на бездомници се движи од 300 илјади до 3 милиони луѓе. (Resener C. R. 1989)

Во научната литература можат да се издвојат повеќе дефиниции на поимот бездомништво, кои истиот го дефинираат од здравствен, економски и социјален аспект.

Бачкоч Л. го дефинира модерното бездомништво како отсуство на постојан дом поврзано со отсуство на социјална поддршка и отсуство на средства кои се нормално достапни преку постоечката култура. (Kuhlman T. L. 1994) Според други автори бездомништвото претставува состојба која е толку деструктивна што ги прави личните односи неефикасни. (Schutt R. and Garrett G. 1992)

Бездомништвото е непосредна последица на минати збиднувања, кои можат да бидат невработеност, прогонство или злоупотреба во домот. Бездомништвото, исто така, може едноставно да биде дефинирано како неспособност да се обезбеди соодветно домување кога таквото домување е неопходно потребно. (Schutt R. and Garrett G. 1992)

Истите автори сметаат дека бездомништвото е симптоматичност на екстремно сиромаштво, и услов за поекстремна депривација - недостаток на место кое ќе се нарекува свое. (Schutt R. and Garrett G. 1992)

Гудман, Сакс и Харви го определуваат бездомништвото како психолошка траума во која настанува социјална дисафиилијација и научена безпомошност. (Kuhlman T. L. 1994).

Може да заклучиме дека спиењето на автобуска станица или железничка станица, состојба која се јавува кога некое лице оди на одмор не е бездомништво. Бездомништвото се јавува како резултат на протерување од сопствениот дом или безцелна потрага по домување. Живеење во домот на пријатели или роднини одреден временски период не е бездомништво, кога тоа е одбрано наспроти други алтернативи, но станува бездомништво кога не постојат други алтернативи.

Бездомничката популација претставува група на хетерогени поединци, со различна социјална и економска структура. Најголем дел од бездомниците потекнуваат од работничката класа или имаат сиромашна позадина. За разлика од нив, лица со статус на средно образование се поретко присутни помеѓу бездомниците.

Истражувањата направени во САД, на животната историја на бездомните мажи и жени покажува дека тие искусиле отуѓување во годините кои претходат на нивното бездомништво. Процесот на отуѓување вклучува отуѓување од групите како што се семејството, пријателите, колегите, а во западните земји и од црквата и волонтерските асоцијации, кои функционираат со цел да ги поврзат луѓето во нормалните, постоечки култури во сите социјални класи.

Од повеќе истражувања направени во САД, може да се изведе заклучок дека е низок степенот на социјалната интеграција на бездомниците, дури една половина од популацијата на бездомници никогаш не била во брак, една половина од истата, никогаш немале деца, а поголемиот дел од оние кои биле во брак се разведени или раздвоени. (Schutt R. and Garrett G. 1992).

Според истражување направено во Полска утврдена е следната брачна состојба на бездомниците: 46% од бездомниците се самци, 34% од бездомниците се разведени, 14% од бездомниците се во брак, 3% од бездомниците се вдовци и 3% од бездомниците се разделени. (Bartosz B. и Blazej E. 1995).

## 2. Причини за бездомништвото

Корените на бездомништвото се толку многу бројни колку што модерното општество е комплексно, а проблемите со кои се соочуваат бездомниците се големи како и човековото искуство. Без препознавање на причините кои го предизвикуваат бездомништвото не може да се очекува дека превземените чекори за разрешување на бездомничкиот проблем да бидат ефикасни. При определувањето на причините кои го предизвикуваат бездомништвото во овој труд ќе се служиме со два пристапа: глобален и индивидуалистички.

### 2.1.*Глобален пристап во определувањето на бездомништвото*

Глобалниот пристап во определувањето на причините кои го предизвикуваат бездомништвото, поаѓа од причините кои се заеднички за бездомниците, причини кои можат да бидат комбинирани и во себе вклучуваат повеќе причинители - индикатори.

Шут Р. и Гарет Г. ги разбираат бездомните лица како вообичаено работно "неквалификувани лица" кои не се способни да најдат вработување на променливиот пазар на труд. (Shutt R. Garrett G. 1992)

Листата на причинителите и нивните комбинации, кои можат да доведат до случаи на бездомништво се неограничени. Листата на стресорите кои го предизвикуваат бездомништвото вклучува: губење на вработувањето, развод и семејни несогласувања, физичка и сексуална злоупотреба од страна на нечии партнер, малтретирање на деца, ментални пореметување, алкохолизам итн.

Според истите автори, бездомништвото е производ на варијација на четири фактори: сиромаштвото, неможноста да се обезбеди дом, недостигот на социјални услуги и помош и персоналната ограниченост. Некои од овие фактори, можат да се појават како стресори кои предизвикуваат појава на еден од другите фактори како на пример: недостатокот на финансиски средства го зголемува ризикот за ментални и

физички заболувања, долготрајните и тешки заболувања го зголемуваат ризикот за сиромаштво, неможноста да се обезбеди домување доведува до тешкотии за остварување на социјална поддршка. (Shutt R. Garrett G. 1992)

Бартош Б. и Блажеј Е. ја даваат следната класификација на причините за бездомништво, класификација изведена врз полските искуства. Тие причините за бездомништвото ги делат на:

-општествени причини;

-причини поврзани со патологија и болест;

-причини од психолошка природа и

-причини од правна природа.

Во групата на општествени причини се вбројуваат:

-општествено економската ситуација, невработеноста и во Полска ликвидацијата на работничките хотели;[3]

-непостоење на места во болниците каде не е потребна постојана хоспитализација;

-малиот број на места во пензионерските домови, дом за стари лица;

-непостоењето на облици за згрижување на деца од детските домови по 18 години;

-непостоењето на прифатилишта за лица кои се носители на вирусот хив.

Причините поврзани со патологија и болест кај бездомниците може да се групира на следниов начин:

-алкохолизамот како причина за бездомништво;

-криминалитетот како причина за бездомништво;

-бракоразводот или трајниот прекин на формални и неформални врски;

-отфрленоста и непостоењето на грижа од најблиските;

-негативниот однос на жени и жени со деца, проституција и малтретирање на жени.

Како причини од психолошка природа, се наведуваат одредени случаи каде бездомништвото е свесен избор на живеење, бездомниците и имаат друг систем на вредности, друг начин и смисла за живеење, на пример типот на скитник.

---

3. Во работничките хотели во Полска најчеста категорија на жители беа неквалификуваните работници.

Бездомништвото може да биде предизвикано од следниве правни причини:

-протерување од домот, поради неплаќање на трошоци за домување;

-бездомници поради принуда, немање на жителство;

-привремено бездомништво, (по средување на односите во семејството или до добивање на живеалиште);

-немањето потреба за постојано живеалиште (жители на железничка станица, просјаци, скитници, жители на стари руинирани згради). (Brtosz B. i Blazej E. 1995)

Наведената поделба на глобалните прочини за бездомништво ја оценуваме како сеопфатна, но сметаме дека во причините од психолошка природа е потребно да се наведат и менталните пореметувања како причина за бездомништво. Менталните пореметувања, особено во англо-саксонската литература се сметаат како честа причина за бездомништво.

Бидејќи во овој труд нема посебно да се осврнеме на бездомните семејства, но поради сé поголемото зголемување на бројот на бездомни семејства, особено во САД, сметаме дека е сепак потребно да ја наведеме поделбата на причинителите кои го зголемуваат ризикот на семејството од бездомништво направена од Мек Чесни К. Тој ги издвојува следните стресори:

-дефициентност на семејството (недостаток на еден од родителите, особено во случај на самохрани мајки);

-малолетни семејства или млади семејства;

-малцински семејства;

-злоупотреба на дрога и алкохол (од страна на мајката или нејзиниот партнер);

-злоупотреба на детството (сексуална или физичка);

-злоупотреба на жени (малтретирање, сексуална злоупотреба);

-бременост и породување;

-недостаток на социјална подршка во случај на бездомност.

Првите стресогени фактори можат да го зголемат степенот на сиромаштво - дефициентноста на семејството и малолетното семејство или младите семејства се познати

фактори кои значајно го зголемуваат ризикот од сиромаштво. Притоа колку се поголеми промените во рамките на семејството толку се поголеми и можностите за бездомништво.

Следните фактори: злоупотребата на дрога и алкохол, злоупотребата на децата и злоупотребата на жените и бременоста, имаат заедничка карактеристика. Секој од нив ја зголемува веројатноста дека семејството ќе го напушти своето претходно домување и ќе биде изложено на социјални притисоци што последователно може да доведе до бездомност. Сиромашните семејства, во таквите случаи, се принудени да го променат живеалиштето, но по пазарни цени или да се сместат во домот на свои роднини и пријатели. Кога жените, кои се жртви на насилство, ги напуштаат своите партнери тие всушност го напуштаат својот дом.

Случаите на рана бременост или несакана бременост ги доведуваат младите мајки во ситуација да го напуштат домот, а сето тоа од своја страна доведува до поголем ризик на напуштање на домот.

Најпосле јасно е дека додека недостатокот на социјална поддршка го зголемува ризикот, расположивата социјална подршка дејствува како спротивен фактор. Лицата и семејствата кои буквално ја немаат потребната подршка од пријатели и роднини, можат во одредени случаи по губењето на домот, да преминат на улица или во прифатилиште, бидејќи ја немаат потребната "семејна сигурносна мрежа" на која можат да се потпрат. (Mc Chesny K. Y. 1995)

## *2.2. Индивидуалистичкиот пристап во определувањето на причините за бездомништво*

Индивидуалистичкиот пристап во определувањето на причините за бездомништво, поаѓа од посебните причини кои ја довеле индивидуата во ситуација на бездомништво. Во овој пристап, бездомниците се разделени во четири категории, согласно индивидуалните причини за бездомништво.

Во првата група бездомништвото е сопствен избор, тоа претставува стил на живеење. Во втората група се наоѓаат бездомниците кои бараат втора шанса, оние лица кои станале

бездомници поради тоа што ги загубиле своите позиции, како резултат на промените настанати во нивната средина. Во третата група спаѓаат ментално болните бездомници. Во четвртата група влегуваат лицата кои од повеќе причини се принудени на бездомништво, причини кои можат да се поделат на пет подгрупи: малтретирани жени, избркани и (или) избегани деца, лица пуштени од затвор, странци кои нелегално престојуваат во некоја земја и хендикепирани.

## А. Бездомници по сопствен избор

Бездомниците од оваа група се традиционални пребивmember тели на улица. Оваа група ги користи улиците од постанокот на градовите. Неа ја користат алкохоличари, просјаци и скитници. Тоа е примарно машка популација т.е. група на мажи кои од различни причини ја избрале улицата и оддалечените, изолирани области во центарот на градот. Алкохоличарите имаат посебни улици во градовите каде се собираат, тоа најчесто е центарот на градот. Пиењето ретко е приметено, освен во ситуација на болест, повремени интеракции, или смрт како резултат на хроничен алкохолизам.

Бездомниците од оваа категорија обезбедуваат храна, облека преку најразлични хуманитарни институции, а во западните земји, преку волонтерски и црквени организации, чија цел на постоење е да се помогне на алкохоличарите - бездомници, да се ослободат од алкохолната зависност. Оваа група на бездомници ја дели улицата со оние кои исто така одбираат да живеат сами, во изолираните делови на градот.

Во оваа група се сретнуваат мажи и жени кои се заморени од "брзиот живот" во општеството. Тие сакаат да живеат со бездомниците алкохоличари, верувајќи дека можат да ги успорат нивните животи, исто како и оние кои сакаат да се сокријат од нивните претходни "сопатници". Тие доаѓаат на улиците и ги прифаќаат условите кои доведуваат до ослободување од притисокот на френетичното живеење во заедница. На американските простори оваа група на бездомници во минатото била доминантна, додека сега сочинува 25% од бездомничката популација. (Resener C. R.1988)

## Б. Бездомници кои бараат втора шанса

Според американската литература тоа се најновите членови на бездомничката популација и оние кои ја сочинуваат најголемата група, таканаречените дислоцирани лица, оние кои ги загубиле своите работни места и своите домови. Оваа група на бездомници ја сочинуваат мажи, жени и дефициентни семејства. Тие ги загубиле своите позиции како резултат на промените во нивната средина и евентуално во нивните животи.

За разлика од групата на бездомници по сопствен избор, оваа бездомничка група е присилена да живее на улица. Припадниците на оваа група се жртви на големата деиндустријализација и на транзициските промени на пазарот на трудот и општеството. Тие во суштина и не се виновни за својата бездомна состојба. Единствена вина која може да им се припише е што неподготвени ги пречекале промените на индустријализациската клима.

Тие сакаат да работат, но нивните способности и квалификации не се соодветни на модерната технологија. А со самото тоа што се на улица, животот им е насочен кон опстанок, им недостаува време и концентрација да се подготват себе си за адекватно вработување. Спротивно на јавното мислење тие се на улица заради економските потешкотии во нивните животи, создадени од невработеноста, а не затоа што сакаат да бидат таму. Тоа се луѓе кои не можат да ги поднесат трошоците на живот.

## В. Ментално болни

Според американската научна и стручна литература менталните болести се честа причина за бездомништвото, а ментално болните лица ги има во голем број на улиците, од двата пола. Живеат во сопствен свет и единствено во случај кога во прифатилиштата има вработено професионален психијатар постои можност за комуникација со нив. Бидејќи голем број од оние кои работат со бездомниците се волонтери и неквалификувани лица, постои опасност од неправилно индетификување на природата на пореметувањето. Тоа влијае на пристапот при нудењето на помош во ургентните центри.

Според нашата оценка, врз основа на стручната литература, сметаме дека при сместувањето во прифатилиштата не би требало да се мешаат менталните болни со другите бездомници. Ментално болните не можат да го следат нормалниот тек на заедничко живеење со бездомниците, кои поради бездомноста се наоѓаат во посебна состојба.

## Г. Принудени на бездомништво

Лицата принудени на бездомништво, се налик на човек кој стопира во пустина. Тоа се лица презрени, заборавени, без општествена поддршка, лица кои за жал доживуваат отфрленост од најблиските и често стануваат жртви на насилство во сопствениот дом.

Првата група на принудени на бездомништво се малтретирни жени. Насилството во семејството придонесува многу жени со или без деца да бидат згрижени заштитени во прифатилишта. Според различните сознанија од литературата бројот на малтретираните жени во последните години сé повеќе се зголемува како резултат на внатрешните притисоци во семејствата. За голем број на жени е неопходно да се преселат за да би ги избегнале последиците од гневот и импулсивноста на своите брачни или вонбрачни партнери кои континуирано им нанесуваат зло. Во случајот на малтретирани жени жртвата е онаа која го напушта домот, онаа која е принудена да се крие.

Според едно истражување 30% од жените сместени во прифатилиштата во Америка се малтретирани жени. (Weinreb L. and Rossi P. 1995).

Избркани деца и (или) избегани деца претставуваат втора група на бездомници. Оваа група ја сочинуваат млади на возраст од 17 до 24 години. Млади кои се избркани од училиште, лица кои не го завршиле средното училиште и млади кои од најразлични причини го напуштиле домот. За нив вработувањето е скоро невозможно, поради тоа што немаат никакви квалификации.

Некои од нив се корисници на дрога и алкохол, чија употреба предизвикува конфликт во семејството или

пошироката заедница, па заради тоа ја напуштиле и станале дел од бездомната популација. Голем дел од децата се жртви на насилство во семејството. Дел од нив се присилени да го напуштат домот поради развод на родителите, или го напуштаат домот бидејќи родителите немаат доволно средства да ги издржуваат.

Адолесцентите принудени на уличен живот се лишени од можностите за нормален развој, што влијае на самопочитта, довербата во другите и разбирањето на преземените постапки.

Во третата група спаѓаат лицата пуштени - кои стануваат бездомници, се јавуваат како резултат на неадекватното подготвување за напуштање на затворот, прекинување на врската со семејството и несоодветното сместување на овие лица во затворот. Во некои држави како САД, непосредно по напуштањето на затворите, на бившите затвореници им се обезбедува привремено домување, но откако ќе им истекне договорот тие треба да го напуштат сместувањето.

Во Полска овој дел од бездомничката популација во 1986 година беше застапен со 78%, додека во 1992 година застапеноста се намали на 49%. (B. Bartosz and E. Blazej, 1995 c.17).

Странците кои нелегално престојуваат во некоја земја, се јавуваат повремено помеѓу бездомничката популација. Нелегалниот престој во одредена земја ги намалува можностите за вработување или изнајмување дом. Овие лица имаат желба да работат за ниски надници, но нивните приходи се недоволни за кирија.

Странците можат да се појават како привремени бездомници во ситуации кога ја губат личната документација, доколку во земјата во која се наоѓаат нема претставништво од нивната матична земја.

Физички ментално хендикепираните сочинуваат мал сегмент од бездомничката популација, но тие се група која од своја страна е најзабележителна. Хендикепот ги намалува нивните можности за вработување, а најголемиот дел од нив се приматели на постојана парична помош. Но, најчесто паричната помош не е доволна да им обезбеди домување.

## 3. Развоен процес на бездомничката состојба

Бездомништвото претпоставува вариетет на ситуации за кои е заедничко, во одреден период, губењето на дом од страна на поединецот. Тоа често може да се разгледува како појава која има своја динамика, свој развоен тек.

Развојниот процес на бездомничката состојба може да се разгледува од два аспекта: од аспект на должината на траењето на бездомничката состојба и од аспект на фазите низ кои поминуваат бездомниците во текот на бездомничката состојба.

### *3.1. Категоризација на бездомништвото според должината на траењето на бездомничката состојба*

Бездомништвото претставува вариетет на ситуации за кои е заедничко, во одреден период, губењето на дом од страна на поединецот. Одреден број на лица, се пократко, а одреден број подолго се бездомници. Едни запаѓаат во, а други излегуваат од состојбата на бездомништво. Додека некои лица за првпат остануваат без покрив над главата, т.е. го губат постојаното домување, други го избегнуваат бездомништвото живеејќи со семејствата или пријатели. Од друга страна, во ситуации кога се ослабнети семејните буџети и зголемени интерперсоналните конфликти, улиците или јавните прифатилишта стануваат поприфатливи алтернативи.

Бездомничката популација не се состои од хомогена и константна група на поединци, ниту пак е лесно одвоива од другите социјални групи. Мигрантите често се јавуваат како лица на кои им недостига пребивалиште; многу хронични ментални пациенти периодично искусуваат периоди на бездомништво; и одреден број на лица "вдомени" по затворите или ментални болници во други случаи би се нашле во ситуација на бездомништво т.е би биле во недостиг од регуларно домување.

Според својата должина бездомничката состојба може да се подели во три категории.

## А. Хронично бездомништво

Хроничното бездомништво по себе е крајна точка на долготраен период на растечки нестабилен статус на домување.

Иако не постои остра граница помеѓу хроничните и краткотрајните бездомнички периоди за хроничното бездомништво може да се каже дека се појавува кај лицата кои не се способни да обезбедат било каков вид на социјална или финансиска поддршка. Хроничните бездомници почесто имаат нарушени социјални односи, сериозни заболувања, или фатално однесување по нивното бездомништво.

Неколку компаративни студии иницираат како може да се појави хроничното бездомништво.

Во проучувањето на бездомничката популација од Чикаго САД, Роси утврдил дека екстремно сиромашните домови, приматели на General Assistance, не се во состојба да поддржуваат, во семејството подолго време, непродуктивни поединци со бихевиорални потешкотии, што овозможува бездомниците членови на овие семејства да бидат подолговремено на улица. Всушност, ментално болните и алкохоличарите, од домовите на екстремно сиромашните семејства приматели на General Assistance, социјална помош се 10 пати почести помеѓу бездомниците. (Schutt R. and Garrett G. 1992)

Во истражувањата направени помеѓу бездомниците во Лос Анџелес, САД, се утврдува дека 15% од испитуваната популација се бездомници подолго од една година. Од 1985 до 1986 година една четвртина од чикашките бездомници се во таква состојба повеќе од две години. (Schutt R. and Garrett G. 1992)

Помеѓу ментално болните хроничната бездомност се појавува кога социјалната поддршка и финансиските извори се многу лимитирани. Кај ментално болните може да дојде до прекин на терапијата и одбивање на понатамошен третман. Тоа од своја страна ја влошува нивната ментална состојба, па често овие лица се јавуваат во категоријата на хронични бездомници.

### Б. Епизодно бездомништво

Епизодното бездомништво се појавува во ситуација на криза и проблеми, пократкотрајни од оние кои се сретнуваат во хроничните случаи.

Дури две третини од бездомниците во Лос Анџелес се епизодни бездомници, кои искусуваат периоди на стабилност, независен живот или живот со пријатели од моментот кога првпат станале бездомници. Schutt R. and Garrett G. 1992)

### В. Привремено бездомништво

Многу поединци или семејства привремено стануваат бездомници поради природни катастрофи или други непогоди. Деца и жени можат да се јават како бездомници привремено по период на сексуална и физичка злоупотреба во семејството.

Ментално пореметени лица кои вообичаено се под институционална или семејна заштита, можат да се појават како привремени бездомници во случај кога на своја рака го прекинуваат третманот во ментална институција или кога семејниот систем станува премногу оптеретен од нивните барања или однесување. Привремено бездомната личност веројатно е дека искусува висок степен на анксизност заради несигурниот статус на домување.

Привременото бездомништво често се надминува со реинтеграција во системот на социјална поддршка, која е сé уште достапна за привремените бездомници. Овие бездомници кои се привремено или во помала мерка епизодни бездомници, веројатно е дека имаат пристап до социјалната и финансиска поддршка која може да се користи, со цел да се реинтегрираат во постоечкото општество. Кога системот за подршка не постои повеќе или е непристапен, привременото бездомништво може да стане епизодно или хронично бездомништво.

### *3.2. Фази на бездомничката состојба*

Бездомништвото претпоставува посебни животни услови, кои се разликуваат од оние на ситуираните граѓани. Суровите

услови во кои живеат бездомниците, од своја страна, го нарушуваат дигнитетот на поединецот и имаат свои импликации врз личноста на поединецот, односно доведуваат до нејзина деградација.

Кулман Т. во делото "Психологија на улиците" (Psychology on the streets, 1994), врз основа на истражувањата во САД го разгледува бездомништвото како состојба на умот, која не се појавува кај секоја единка со исто времетраење, интензитет и во ист период. Истата, наведува тој, може да се разгледува како развоен процес со три помалку разграничени стадиуми на бездомничката состојба: бездомништвото како акутен настан, стадиум на амбивалентно однесување и стадиум на "шелтеризација". Секој стадиум со свои импликации, кои на лицето кое работи со бездомниците ќе му овозможат да увиди како и дали ќе интервенира. За лицата кои работат со бездомниците, смета Кулман Т., бездомништвото подобро се објаснува како состојба на умот отколку како демографска карактеристика.

Во првиот стадиум, бездомништвото се јавува како акутен настан. Ненадејно, епизодно или привремено, некој станал бездомник под влијание на финансиски или психолошки стресови, комбинирано со отсуство на системот на социјална подршка, систем кој е во можност да му обезбеди на лицето привремена заштита. Во овој стадиум да се биде на улица се доживува како трауматска закана и зла мизерија.

На овој стадиум лицата не сакаат да бидат идентификувани со бездомниците, не ја прифаќаат културата на улицата, па од таа страна, се обидуваат да се идентификуваат со културата од која биле истиснати, на тој начин што одлучно се дистанцираат од уличната култура. Тоа може да се увиди кога лицето изразува благодарност за мала услуга како што е давање оброк, превоз итн. Ова изразување на благодарност претставува интензивен показател на потребата, бездомникот да ги зацврсти врските и идентификацијата со давателот на услугите, во време кога ваквите врски се чини дека се прекинати. На овој стадиум дадената помош може да доведе до успех, бидејќи лицата се мошне мотивирани да го напуштат уличниот живот.

Ако навремено не се интервенира, лицето навлегува во вториот стадиум кој следи аналогно на бездомништвото како акутен настан. Сега зависноста од покровителите станува анбивалентно, несигурно. На овој стадиум често се доживува еродирање на личната самодоверба и однесувањето, се јавуваат незадоволство и нељубезност. Доаѓа до приклучување кон различни улични субгрупи, прифаќање на уличното однесување, уживање во дроги и алкохол и други хедонистички задоволства, и животен стил *само за сега*. Парите добиени од социјалната заштита се трошат за 2-3 дена на краткотрајни задоволства.

Сепак, во овој стадиум некои бездомници се осамени поединци, кои егзистираат во позадината на ресторанитe, продавниците, железничките станици. Одреден број на бездомници можат да се дијагностицираат како анти-социјални личности.

Третиот стадиум кореспондира со феноменот познат како "Шелтеризација". "Поимот шелтеризација се однесува на институционалниот синдром на пасивност, зависност, апатија и отфрлање на личната хигиена, што се јавува и кај непсихотичните лица ако тие престојуваат во прифатилиштата повеќе месеци или години." (Kuhlman T., 1994 p. 15). Подолго временото живеење во прифаталиштата подразбира: развивање на прифатилиштен јазик, асимилација на термини, прифаќање на идеи и верувања и еродирана волја. (Kuhlman T., 1994) И други автори, како и Кулман Т., го увиделе феноменот на "шелтеризација" помеѓу бездомниците и тие тоа го опишуваат како "реконструирана реалност" која се јавува кога бездомништвото станува животен стил. (Kuhlman T.,1994). Се смета дека интервенцијата на претходните стадиуми, ќе биде поефикасна пред да настане реорганизација на човековото его, пред бездомништвото да биде прифатено како животна реалност.

### 4. Облици на социјална заштита на бездомниците

Облиците на социјална заштита на бездомниците се разликуваат во зависност од земјата и различните класификации на институциите, направени врз основа на

начините и видовите на услуги кои ги даваат прифатилиштата за бездомници и организациите кои реализираат програми за заштита на бездомници. Во ова поглавје ќе бидат разгледани институционалните облици на социјална заштита во САД, согледани во американската литература.

Ургентноста од социјална заштита, во областа на бездомништвото се јавува кога некоја индивидуа или семејство станува бездомна. Недостатокот од дом значи: слабо здравје, намалени контакти со семејството, пријателите, т.е. намалена социјална поддршка и константна подложеност на стрес.

Најпознатиот облик на заштита на бездомниците се прифатилиштата. Според Шут Р. и Гарет Г. примарна цел на прифатилиштата за бездомници е да ги пресретнат неопходните потреби на бездомниците. (Schutt R. and Garrett G. ,1992). При што е потребно да се постигне неутрализирање на неповолните фактори, кои ја влошуваат состојбата на бездомниците. Прифатилиштата по својата цел се единствено ориентирани кон помагањето на бездомниците во нивните обиди за опстанок и реинтеграција во заедницата. Но, според начинот на организираноста и степенот на пружање помош, тие се разликуваат на многу начини. (Schutt R. and Garrett G., 1992)

Според изгледот некои прифатилишта можат да бидат погрешно сватени како чекални на автобуски станици, додека други изгледаат како касарни; некои од нив обезбедуваат преспивање во реновирани црквени подруми или прилагодени стамбени блокови. Средства за работа прифатилиштата обезбедуваат од различни извори: приватни добротворни организации, државни фондови и црквени мисии. Според видовите на услуги, можат да се разликуваат прифатилишта: за помош на ментално болните или зависниците од дрога и алкохол, прифатилишта кои даваат религиозни услуги, програми за работно дооспособување и групна терапија. Додека, способностите, знаењата и темпераментот кои се потребни за работа во прифатилиштата се разликуваат зависно од случајот. (Shutt R. and Garrett (1992).

Во американската литература може да се сретнат следните класификации на прифатилишта направена според различни критериуми: според видот на клиентите, според

степенот на задоволувањето на потребите на бездомниците; во зависност од програмата за должина на престојот во прифатилиштата и според услужните пристапи и финансирањето на прифатилиштата.

## 5. Потребата од општествена интервенција во сузбивањето на бездомништвото

Бездомништвото во слабо развиените земји особено во Латинска Америка, Азија и Африка, а во последните години и во Русија, како и во поголем број на посткомунистички земји и понатаму останува надвор од било каков општествен, па и медиски интерес. Бездомништвото настанува како непосредна последица на минати збиднувања, невработеност, отфрленост или злоупотреба во домот. Тоа е додатно бреме на веќе постоечките проблеми во животот на поединецот или семејството.

Со цел проблемот на бездомништво да биде правилно третиран, потребно е да се направат големи промени во социјалната политика на секоја земја, а од друга страна потребно е семејството да ја поврати својата заштитничка улога која ја имаше во минатото. Потребно е да се делува превентивно, односно државите во рамките на својата социјална политика и утврдена социјална заштита да ги обезбедат потребните услови кои ќе ја сведат појавата на бездомништво на минимум.

Погрешен би бил ставот, со оглед на развојот на стопанството, условено од економските процеси, да се очекува во иднина бездомништвото како проблем да исчезне. Во ситуација кога тоа е реалност, потребно е да се утврдат причините кои ја предизвикуваат појавата на бездомништвото, односно инцидентите или ситуациите кои го создаваат бездомништвото за индивидуите или семејството. Потребно е да се делува превентивно, а кога проблемот ќе стане реалност да се утврдат примарните потреби на бездомниците, односно да се делува куративно, а потоа да се утврдат секундарните потреби за бездомниците успешно да би се реинтегрирале во

животот во заедницата. Работата со бездомниците не треба да се сведува само на подобрувањето на кондиционалните аспекти на бездомништвото, т.е ублажување на суровите ислови за живеење, односно давање помош на улица.

Бездомниците треба да се убедат, бездомноста да ја посматраат како привремена состојба, која со соодветни програми може да се промени, а тие да се реинтегрираат во заедницата. Помошта треба да ги охрабри да го изменат стилот на живеење "за денес и сега" и да се ориентираат кон тоа што може да биде утре.

Се смета дека сѐ што може за нив да се направи е тие да се хранат и да се облекуваат сѐ додека не умрат на улиците, но таквиот став е погрешен. Она што на бездомниците не им е потребно е кон нив да се однесуваме како кон беспомошни лица. Спротивно од јавното мислење, бездомниците се често одговорни за своите животи. Тоа особено се однесува на лицата кои се наоѓаат на улиците од економски причини или заради насилство во семејството.

Лицата кои се бездомници во акутниот стадиум на бездомништвото чувствуваат потреба да го напуштат уличниот живот. Но, со подолговремено престојување на улица луѓето ја прифаќаат уличната култура. Уличниот живот е "заразен", без оглед на тешкотиите станува поприфатлив од алтернативата да се работи и заработува за себе. Тоа доведува многу од бездомниците да се чувствуваат фрустрирани, бидејќи по подолговремено престојување на улиците се стекнува чувство на зависно од уличниот животен стил. (Kuhlman T. 1994).

За жал, мора да се констатира врз основа на искуството на некои држави како што е САД, дека и покрај сета дадена помош, евидентно опаѓање на бројот на бездомниците не е забележано, па така тој број сега се проценува на 3 милиони бездомници. (Resener C. R. 1989). Додека во Полска, иако размерите на појавата до 1989 година не се познати, веќе во 1992 година на подрачјето на бездомништвото делуваат 147 владини и невладини организации. (Bartosz B. i Blazej E. 1995).

Сé поприсутната појава на бездомништвото и во нашата земја ни укажува на потребата за преземање на соодветни мерки од страна на државни и невладини институции за сузбивање на проблемот на бездомништвото.

## Библиографија


1. Bartosz B., Blazej E., O Doswiadczaniv bezdomnosci, Wydawnictwo SCHOLAR, Warszawa, 1995.

2. Kuhlman T. L: Psychology on the Streets - Mental Health Practice with Homeless Persons, John Wiley & Sons Inc, New York, 1994.

3. Mc Chesny K. Y. A review of the empirical literature on contemporary Urban Homeless Families "Social Service Review", The University of Chikago Press, Vol. 69, No 3, pp. 429-461, September 1995.

4. Resener S. R., Crisis in the Streets, Broadman Press, 1988.

5. Ружин Н., Современи системи на социјална заштита, ПНИД "Степ", Скопје, 1995.

6. Schutt R. K., Garrett G. R., Responding to the homeless - policy and practice, Plenum Press, New York, 1992.

7. Weinreb L. and Rossi P., The American Homeless Family Shelter "System", "Social Service Review", The University of Chicago Press, Vol. 69, No. 1, pp.86 - 105, March 1995.


**Svetlana Trbojevič**
**Maria Donevska**

## Hommelessness
## Basic terms and characteristics

*Summary*

*Hommelessness is one of the most serious problems with which modern society is facing.*

*In the abstract, according to the Anglo-Saxon and Polish literature, there is an attempt for defining the phenomenon, analysis of the reasons (global and individual approach). The process of development of homeless situation is also analyz.*

*Forms of Social Protection for homeless and the need for organizing institutions that will prevent the Homelessness are under line.*